Врз основа на член 29 став 2 од Законот за контрола на предмети од скапоцени метали („Службен весник на Република Македонија" бр. 23/95 и 22/07), министерот за економија донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛЕГИТИМАЦИЈАТА НА ОВЛАСТЕНИТЕ РАБОТНИЦИ КОИ ВРШАТ НАДЗОР НАД ИСПРАВНОСТА И ЖИГОСАНОСТА НА ПРЕДМЕТИТЕ ОД СКАПОЦЕНИ МЕТАЛИ И ЗА НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ НА ЛЕГИТИМАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува образецот на легитимацијата која се издава на овластените работници кои вршат надзор над исправноста и жигосаноста на предмети од скапоцени метали и начинот на издавање на легитимацијата.

Член 2

Димензиите на легитимацијата се 90 mm x 65 mm.

Легитимацијата има две полутврди темносини корици кои меѓусебно се преклопуваат.

Внатрешните страни се од бела хартија.

Легитимацијата се издава на образец 1, даден во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Образецот на легитимацијата од член 2 од овој правилник ги содржи следните податоци:

1) На првата страна од корицата, во горниот дел, со златножолта боја е отпечатен грбот на Република Македонија, под него текстот „Република Македонија, Министерство за економија, Биро за метрологија'', а во долниот дел е отпечатен текстот: „Легитимација''.

2) На внатрешната страница од корицата, во горниот дел во средината се наоѓа место за фотографија во боја на носителот на легитимацијата, со димензии 2,5 см x 3,0 см. Под фотографијата отпечатен е текстот: „Овластено лице за вршење стручен надзор'' со податоци за името и презимето на носителот на легитимацијата, регистарски број на легитимацијата, местото и дата на нејзиното издавање. Во долниот дел се наоѓа ознака за место на печат (М.П.) и за потпис на министерот за економија.

3) На првата внатрешна страница од образецот на легитимацијата испишан е текстот:

„ОВЛАСТУВАЊЕ

Лицето чие име, презиме и фотографија се наоѓаат на оваа службена легитимација е вработено во Бирото за метрологија, орган во состав на Министерството за економија е ОВЛАСТЕНО да врши стручен надзор согласно Законот за контрола на предмети од скапоцени метали („Службен весник на Република Македонија", бр. 23/95 и 22/07) и прописите донесени врз основа на овој и други закони по однос на контролата над исправноста и жигосувањето на предмети од скапоцени метали, да презема други мерки и дејствија утврдени со законот, како и да укажува на утврдените недостатоци.",

4) На втората внатрешна страница од образецот на легитимацијата отпечатен е текстот:

„НАПОМЕНА

Правните лица чие работење подлежи на стручен надзор должни се да соработуваат и да му овозможат на носителот на легитимацијата непречен пристап во сите работни простории за вршење на стручен надзор и на негово барање да му дадат информација и податоци во врска со надзорот, да му ставаат на увид техничка и друга документација".

5) На внатрешна страница од втората корица од образецот на легитимацијата отпечатен е текстот:

„Во случај на наоѓање на оваа легитимација од страна на друго лице, тоа е должно истата да ја пријави и предаде во најблиската полициска станица”.

Член 4

Носителот кој ќе ја изгуби легитимацијата или на друг начин ќе остане без неа, веднаш а најдоцна во рок од 24 часа ги известува за тоа директорот на Бирото и министерот за економија, за времето, местото и околностите под кои легитимацијата е изгубена или исчезната на друг начин.

Во случаите од став 1 на овој член, на носителот му се издава нова легитимација, а претходно издадената легитимација со решение од органот кој ја издал, се огласува за неважечка.

Член 5

Легитимацијата се заменува со нова кога поради дотраеност или оштетување истата стане неупотреблива и кога има промена на лични податоци на нејзиниот носител.

Во случаите од став 1 на овој член, претходно издадената легитимација му се предава на директорот на Бирото.

Член 6

Легитимацијата што се враќа или заменува се доставува веднаш до Министерството за економија заради нејзино поништување.

Член 7

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за образецот и начинот на издавање на службената легитимација на работници на Заводот за стандардизација и метрологија, овластени за вршење на надзор („Службен лист на СФРЈ“ бр. 30/82).

Член 8

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 25-3679/6
14 јуни 2007 година
Скопје

Министер за економија,
**Вера Рафајловска**, с.р.

## ПРИЛОГ 1

Образец на легитимацијата
(прва надворешна страница на корицата)

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**
**БИРО ЗА МЕТРОЛОГИЈА**

**ЛЕГИТИМАЦИЈА**

( внатрешна страница од корицата)

фотографија

ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ЗА СТРУЧЕН НАДЗОР

______________________________
(име и презиме)

______________________________
(регистарски број)

______________________________
(место и дата на издавање)

М.П. __________________
Министер за економија

(прва внатрешна страница)

**ОВЛАСТУВАЊЕ**

Лицето чие име, презиме и фотографија се наоѓаат на оваа службена легитимација е вработено во Бирото за метрологија, орган во состав на Министерството за економија и ОВЛАСТЕНО е да врши стручен надзор согласно Законот за контрола на предмети од скапоцени метали ("Службен весник на Република Македонија", бр. 23/95 и 22/07) и прописите донесени врз основа на овој и други закони по однос на контролата над исправноста и жигосувањето на предмети од скапоцени метали, да презема други мерки и дејствија утврдени со законот, како и да укажува на утврдените недостатоци.

(втора внатрешна страница)

**НАПОМЕНА**

Правните и физички лица чие работење подлежи на надзор должни се да соработуваат и да му овозможат на носителот на легитимацијата непречен пристап во сите работни простории за вршење на стручен надзор и на негово барање да му дадат информација и податоци во врска со надзорот, да му стават на увид техничка и друга документација .

(внатрешна страница од втората корица)

| |
|---|
| Во случај на наоѓање на оваа легитимација од страна на друго лице, тоа е должно истата да ја пријави и предаде во најблиската полициска станица. |